Волнарски комбинат Тодор Циповски-Мерџан
ТЕТЕКС АД
Бр. 0204-315
08. 03. 2022 год.
ТЕТОВО

До

ТТК Банка АД Скопје
ул. ''Народен фронт'' бр.19а
1000 Скопје

- Управен одбор
- Собрание на акционери

/за XXXVII Собрание на акционери/

ТТК БАНКА АД
СКОПЈЕ Бр. 2

| Примено: 09-03-2022 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. един. | Број | Прилог | Вредност |
| 02 | 1921/1 | | |

**Предмет: Достава на Предлог- одлука за предложена точка на Дневен ред на Собрание на акционери**

Во согласност со член 390 од Законот за трговските друштва, акционерот Тетекс АД Тетово, кој поседува над 5% од вкупниот број на акции со право на глас, за XXXVII Собрание на акционери на ТТК Банка АД Скопје закажано за ден 5.4.2022 година, ја предлага следнава Предлог-одлука по точка 8 од предложениот дневен ред:

1. Предлог-одлука за именување независен член на Надзорен одбор на ТТК Банка АД Скопје

Предлог-одлуката, како и податоците за предложениот независен член на Надзорен одбор на ТТК Банка АД Скопје, а кои согласно член 344 став 4 од Законот за трговските друштва треба да им бидат достапни на акционерите, се во прилог на овој допис.

Предложениот независен член на Надзорниот одбор на ТТК Банка АД Скопје е досегашен член на Надзорниот одбор и поседува професионални квалификации да ги извршува работите од делокругот на работење на Надзорниот одбор на Банката. Предложениот кандидат даде значителен придонес во работата на Надзорниот одбор и со своето натамошно членство и понатаму ќе придонесува Надзорниот одбор на Банката доследно да ги извршува работите од својата надлежност.

Волнарски комбинат Тодор Циповски-Мерџан ТЕТЕКС АД 1 ТЕТОВО

**Тетекс АД Тетово**

<u>ПРЕДЛОГ</u>

Врз основа на член 40 став 1 алинеја 8, а во согласност со член 48 и член 50 и член 51 став 4 од Статутот на ТТК Банка АД Скопје, Собранието на акционери на Банката на ден 5.4.2022 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**

**за именување независен член на Надзорниот одбор на ТТК Банка АД Скопје**

**Член 1**

За независен член на Надзорниот одбор на ТТК Банка АД Скопје, за период од 4 (четири) години сметано од 26.6.2022 година, се именува Златко Черепналкоски.

**Член 2**

На именуваниот член на Надзорниот одбор му се определува награда за ангажирање и учество во работата на седниците на Надзорниот одбор во износ од 45.000 денари.

**Член 3**

Управниот одбор на Банката поднесува пријава за упис на именуваниот член на Надзорниот одбор во трговскиот регистар.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува по добивањето претходна согласност од Гувернерот на Народна банка на Република Северна Македонија.

**Собрание на ТТК Банка АД Скопје**

**Претседавач**

____________________

| ***ПОДАТОЦИ ЗА НОМИНИРАН КАНДИДАТ<br>ЗА НЕЗАВИСЕН ЧЛЕН НА НАДЗОРЕН ОДБОР НА ТТК БАНКА АД СКОПЈЕ*** | |
|---|---|
| Име и презиме | Златко Черепналкоски |
| Возраст (датум на раѓање) | 7.10.1967 год. |
| Пол | Машки |
| Образование | Дипломиран електро инженер |
| Функција (работно место) која во моментот ја извршува | Директор за малопродажба и маркетинг во Енерџи Деливери Солушнс АД Скопје, Снабдување со електрична енергија |
| Професионални и други квалификации | Електроенергетичар, инвестиционо банкарство, инвестиции во енергетиката |
| Работно искуство и како е стекнато | Оперативен водител на електро-енергетскиот систем во АД Електростопанство на Македонија (1994-1999)<br>Координатор на развојни и инвестициони проекти во АД Електростопанство на Македонија (1999-2003)<br>Инвестиционо банкарство - финансирање на електро-енергетски и инфраструктурни проекти во Meinl Capital Advisors AG Vienna (2003-2013)<br>Од 2014 - директор за малопродажба и маркетинг во Енерџи Деливери Солушнс АД Скопје, Снабдување со електрична енергија |
| Во кои друштва е или бил член на орган на управување, односно на надзорен одбор | Член е на Надзорен одбор и на Одбор за ревизија на ТТК Банка АД Скопје |
| Други поважни функции што ги вршел | Директор за ЈИЕ во Meinl Capital Adsvisors AG<br>Резидентен тим-лидер на Meinl Bank Consortium во процесот на реструктуирање и приватизација на АД ЕСМ<br>Координатор за реструктуирање и приватизација на АД Електростопанство на Македонија |
| Бројот на акции што ги поседува во Банката и во други друштва | Нема |
| Заемите и другите обврски што ги има кон Банката | Нема |